# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1379.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за високото образование,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 7 март 2024 година.

Бр. 08-1874/1
7 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/19 и 178/21), по членот 170 се додаваат два нови наслови и два нови члена 170-а и 170-б, кои гласат:

**„Плата на вработените во јавните високообразовни установи од буџетската сметка**

Член 170-а

(1) Вработените во јавните високообразовни установи имаат право на плата, сразмерно на извршената работа и придонесот во единицата/универзитетот, надоместоци на плата, додатоци на плата и други примања, под условите утврдени со закон, колективниот договор и договорот за вработување.

(2) Платата на вработените во јавните високообразовни установи се исплаќа од средствата на буџетската сметка и од средствата од сопствени приходи доколку на единицата и во Централната стручна и административна служба - Ректорат се остваруваат средства од сопствени приходи, во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место.

(3) Делот од платата од средства од сопствени приходи се утврдува со договор за вработување или анекс во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место.

(4) Правата од плата, надоместоците на плата, додатоци на плата и други примања, кои не се уредени со овој или друг закон се регулираат во колективниот договор и договорот за вработување.

(5) Основната плата на работникот се состои од:

- минимална плата,
- дел од плата за називот/звањето и
- дел на плата за стаж.

(6) Основната плата на работникот за полно работно време се утврдува на начин што износот на минималната плата во Република Северна Македонија, утврдена согласно со закон, се множи со коефициентот по назив/звање на работните места утврден во членот 170-б од овој закон.

(7) Делот од плата за работниот стаж за работникот се вреднува во износ од 0,5% од основната плата од ставот (6 ) на овој член, за секоја навршена година, а најмногу до 20%.

**Коефициент за исплата на плата на вработените во јавните високообразовни установи од буџетската сметка**

Член 170-б

Коефициентот за исплата на плата од буџетската сметка се утврдува според следниов начин:

| Ниво | Назив/звање на работното место | Коефициенти | Коефициенти |
|---|---|---|---|
| | **I. НАСТАВЕН КАДАР** | **2024 година** | **2025 година** |
| А1 | Редовен професор | **3,74** | **4,4** |
| А2 | Вонреден професор | **3,4** | **4,0** |
| А3 | Доцент | **3,06** | **3,6** |
| А1 | Научен советник | **3,74** | **4,4** |
| А2 | Виш научен соработник | **3,4** | **4,0** |
| А3 | Научен соработник | **3,060** | **3,6** |
| | Виш лектор | **2,38** | **2,8** |
| | Лектор | **1,87** | **2,2** |
| | Асистент/асистент истражувач | **2,295** | **2,7** |
| | Уметнички соработник: корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент и слично; стручен соработник: виш лаборант и сл. | **2,125** | **2,5** |
| | стручен соработник: лаборант и сл. | **1,36** | **1,6** |
| А3 | Професор на висока стручна школа | **3,06** | **3,6** |
| А5 | Виш предавач на висока стручна школа | **3,06** | **3,6** |
| А6 | Предавач на висока стручна школа | **2,38** | **2,8** |
| | **II. НЕНАСТАВЕН КАДАР** | | |
| А1 | генерален секретар на Универзитетот | 3,4 | 4,0 |
| А2 | секретар на факултет/институт/ единици во состав на Универзитетот | 3,06 | 3,6 |
| Б1 | советник на ректорот | 2,38 | 2,8 |
| Б2 | раководител на сектор | 2,465 | 2,9 |
| Б4 | раководител на одделение | 2,295 | 2,7 |
| В1 | советник | 1,955 | 2,3 |
| В2 | виш соработник | 1,785 | 2,1 |
| В3 | соработник | 1,7 | 2.0 |
| В4 | помлад соработник | 1,615 | 1,9 |
| Г1 | самостоен референт/технички секретар/информатичар | 1,445 | 1,7 |
| Г2 | виш референт | 1,36 | 1,6 |
| Г3 | референт | 1,275 | 1,5 |
| Г4 | помлад референт | 1,19 | 1,4 |

| III. ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | | | |
|---|---|---|---|
| ПГ1 | одржувач на хигиена/одржувач /ракувач за ложење (градинар), општ работник и други | **1,1** | **1,2** |
| ПГ2 | чувар и други | **1,1** | **1,3** |
| 1.2 | возач и други | **1,2** | **1,3** |
| ПГ4 | сервирка – садомијач, готвач и други | **1,1** | **1,2** |
| ПГ5 | економ - домаќин, хаузмајстор, курир (доставувач) и други (стаклодувач, дреар...) | **1,2** | **1,4** |

Табела за Медицински факултет

| **Ниво** | **Назив на работното место** | **2024 год.** | **2025 год.** |
|---|---|---|---|
| ЗДР А14 | Доктор по медицина - специјалист примариус | **2,55** | **3,0** |
| ЗДР А16 | Генетски советник | **2,04** | **2,4** |
| ЗДР А17<br>ЗДР Д01<br>ЗДР Д04<br>ЗДР Д06 | Доктор по медицина, дипломиран фармацевт, магистар по фармација, Дипломиран инженер по хемија, Дипломиран биолог и биотехнолог, Дипломиран инженер по физика, Дипломиран инженер по биологија - биохемија и физиологија, Дипломиран молекуларен биолог | **1,955** | **2,3** |
| ЗДР Д02 | Дипломиран лабораториски биоинженер магистер | **1,955** | **2,3** |
| ОБН Г02<br>ЗДР Д04 | Лаборант со високо образование, Дипломиран лабораториски биоинженер | **1,87** | **2,2** |

.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.